**Проф. д-р Зоран Матевски**
Редовен професор на Институтот за социологија
при Филозофски факултет - Скопје
Part-time професор на Факултетот за Јавна администрација
при ЈИЕ Универзитетот во Тетово

# СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА

Ова излагање ќе го почнеме со следната дилема:

Дали можат државните органи да бидат сторители на кривични дела? На прв поглед прашањето е контрадикторно бидејќи државата треба да се бори против криминалитетот, а не самата да го прави. Меѓутоа, ако се погледне историски, државите направиле најстрашни злосторства, како на пример, уништувањето на цели народи, геноцидот, безобзирните масовни бомбардирања, нацистичките и Сталиновите концентрациони логори. Но и ако се ограничиме само на кршењето на правните прописи, државните органи често прават криминални дела. Тие или не ги почитуваат законите или ги прекршуваат иако се должни да ги почитуваат.

Интересно е да го спомeнеме "криминалот на белите јаки", кој како професионален криминалитет го прават припадниците на повисоките, владејачките деловни кругови, користејќи ги влијанијата и врските во општеството за вршење на кривични дела кои им носат огромна материјална корист, а на граѓаните и на општеството им носат огромна штета. Овој вид на криминалитет се среќава речиси во сите земји и за него е карактеристично дека се прави прикриено од страна на највисоките општествени слоеви со бескомпромисни измами и манипулации во областа на деловните трансакции. Значи основните карактеристики на овој вид на криминалитет се ненасилно вршење на кривични дела во стопанскиот живот од страна на лица со висок социјален статус, кои можат да го искористат своето влијание за прекршување на правните прописи со цел да се здобијат со материјална корист, а да ја избегнат правдата (односно да ја одбегнат кривичната одговорност).

Ваквиот криминалитет најчесто се изразува во стопанското работење кога лажно се прикажува финансиската состојба, се прават махинации во врска со купувањето на акции, се дава поткуп на деловни луѓе и на државни службеници, лажно се рекламираат стоки, се прават проневери, ненаменско трошење средства, даночни затајувања, лажни банкротства итн. Како извршители на вакви дела се јавуваат многу моќни луѓе кои заземаат високи општествени позиции во политиката, администрацијата, полицијата, судството и сл.

Како и да е, организираниот криминал се однесува на активностите што имаат привид на нормално однесување, меѓутоа се незаконски. За овој вид на криминал кај теоретичарите има рзлични пристапи. Вообичаено се смета дека тоа е дејност на криминални организации, односно дека се работи за организирана дејност од стопански вид, каде

што со примена на насилство се чува позицијата на приоритетот или монополот преку корупција на полицијата, судството и политичко-извршната власт. Како негова крактеристика се припишува и тоа дека е трајно здружение на повеќе лица, односно дека преставува солидарна, профитно организирана интересна заедница, организирана заедница со крут стил на раководење и дисциплина на членовите. Но во исто време се грижи за нивната безбедност, користи флексибилна злосторничка технологија и богат избор на методи (експлоатација, уцени, закани, насилства, притисок, терор, поткупување).

Организираниот криминал не знае за граници. Криминалните организации настојуват да се вградат во постојаниот систем. Тие влијаат преку свои луѓе во државните органи, преку давање дозволи за крупни зделки, а се корумпираат и важни владини функционери.

Точни податоци за него тешко се прибираат, но очигледно е дека вакви појави има во сите земји, па и во нашата, а се користат разновидни средства, од оние кои се на граница на легалноста, до отворени уцени, суровост, безобѕирност, поткуп и сл. Поради интернационалниот карактер и лесната мобилност, тие тешко се откриваат од органите на прогонот. Меѓу делата кои најчесто имаат таков карактер спаѓаат: трговијата со опојни droги, шверцот со оружје, изнудување на пари за заштита која не е барана (рекет), подведување на проституција, трговија со бело робје, корупција, искористување на даночни и порински бенифиции, шверц со злато, накит, цигари, алкохол, автомобили, перењето пари, убиствата по порачка, терористички акции итн.

Причините за оваа појава во Р. Македонија се слични како и во другите земји во транзиција. Трансформацијата на поранешниот систем доведе до ново социјално раслојување, зголемена невработеност, влошени и несигурни услови за живеење и намерата одделни социјални групи да зафатат доминантни економски и политички позиции. Тоа доведе до неадекватно реагирање на државните органи и институции, непочитување на законот, губење на меѓусебната толеранција и појава на засилено поткупување и закани, како модел на однесување, кои во богатењето и профитот гледаат доминантна реализација на модерните вредности.

Во определувањето на поимот на организираниот криминалитет во социолошката литература егзистираат два пристапи. Според првиот, поширок пристап, овде станува збор за дејност на криминалните организации. Според вториот потесен пристап за постоењето на овој криминалитет не е доволно само постоењето на криминална организација (организациона димензија), туку и низа други услови кко што се: да се рабооти за организирана дејност од стопански вид (криминална корпорација); да постои употреба на насилство за зачувување на позицијата на приоритет или монопол, поради ширење на профитот, но иза финансирање на убиства со цел за спречување на примената на правото или донесување на политички одлуки кои ги загрозуваат и корупција на полициската, судската и политичко-извршната власт.

Заклучокот што се извлекува е дека организираниот криминал се разликува од традиционалните форми на групниот криминалитет, како што се бандите и криминалните здруженија според постоењето на повеќе од три од наброените обележја.

Организираниот криминалитет не познава никакви граници. Криминалните организации од овој вид настојуваат да се вградат во постојаниот систем и институциите што веќе остваруваат некаква по правило стопанска дејност. Овие организации остваруваат разни форми на влијание за да ги имаат во свои раце луѓето од државните органи и институциите надлежни за давање на определени дозволи, кои ја водат стопанската политика и решаваат за покрупни стопански зделки. Тоа го прават на тој начин што вградуваат свои луѓе во највисоките органи на власта, со корумпирање на разни функционери.

Во современи услови загрозеноста од овој изразито опасен криминалитет е на мошне високо ниво во сите сфери на општествениот живот и речиси нема земја која не е инфицирана од неговите рзновидни појавни облици. Неговите учесници, служејќи се со сите средства: од оние кои што добиват привид на легалност па се до отворени уцени, закани, подкуп, политички и други врски со особена свирепост, безобѕирност и виолентност, вршат најразлични злосторства кои им нанесуваат огромни и непоправливи штетина конкретните општества и на меѓународната заедница воопшто. Поради интернационалниот карактер изразената подвижност и флексибилност во пронаоѓање на нови методи за делување организаторите често остануваат непознати за органите на прогонот, а оние што се познати, тешко е и да се набројат а камоли да се доловат.

Во тие рамки без сомнение се потврдува тезата дека корените на криминалитетот лежат во карактерот на општествено економската структура, во оутѓеноста на човекот, во материјаните и духовните услови на живот и индивидуалната потреба и ориентација потребите и проблемите да се задоволуваат и решаваат со недозволени средства. Непосредните етиолошки фактори сепак треба да се бараат во сферата на брзите социјални промени и промени во економските и политичките односи, како и во интеракциските односи и врски на глобално ниво: миграциите, комуникациите, транспортот, финансиските текови итн. На порастот на организираниот криминал особено му погодуваат и факторите што се во непосредна врска со пазарот и функционирањето на државата. Слабоста во функционирањето на државата, пак во основа произлегува од превласта на политиката над правото, од нефункционирањето на правната држава и непочитувањето на начелото на законитоста.

Трансформацијата на општествено-економските односи доведе до социјално рслојување, со зголемена невработеност, влошени и несигурни услови на живот и интенција на определени социјални и политички групи и слоеви за зафаќање на доминантна економска и политичка позиција во новонастанатите општествени околности. Сето тоа нужно се почувствува во забавеното функционирање на државните органи и институции, во непочитување на законитоста, во губење на меѓусебна толеранција и манифестирање на такви активности во кои силен замав остваруваат поткупот, заканите и оние модели што во профитот и збогатувањето гледаат доминатна актуелизација на модерните вредности.

Присуството и постојаниот пораст на организираниот криминал, перењето пари и корупцијата, во нивните опасни форми и меѓународни димензии, денес во светот преставува сериозна закана со дестабилизирачко влијание врз фундаменталните општествени, економски

и политички институции, како и опасност за суверенитетот на државите, а особено на оние во транзиција меѓу кои спаѓа и Р. Македонија.

Во настојувањето за откривање и спречување на овие појави Македонија гради сопствена "национална стратегија" заснована на меѓународните сознанија и искуства, што секако неможе да се одвива ниту лесно ниту брзо заедно со едновремено спроведување на вкупните транзициони процеси и воспоставување на правна држава. Може да се каже дека Македонија е во почетна фаза на проектирање и примена на превентивната стратегија во овие области, но може да се забележи дека во напорите за спротивставување на организираниот криминал, перењето пари и корупцијата, веќе се бележи значителен напредок. Ова особено се однесува на остварениот прогрес во модернизацијата на легислативата и во создавање модерна правна рамка за соодветна акција на овој план.

Често се среќаваме со оценките дека присуството на натрупаните економски проблеми, невработеноста, падот на стандардот на жителите и изразениот дефицит на подрачјето на обезбедувањето на соодветни буџетски средства во тие служби (кои извршуваат многу чувствителни општествени функции што бараат високо ниво на лична чесност и општествена доверба), доведува до опаѓање на моралот кај државните и останатите јавни службеници. Имено, тие во секојдневната пракса се сретнуваат со неоправдано и незаконско богатење, се енормна и неоправдана материјална, а во врска со тоа и со општа социјална диференцијација. Во своите настојувања што поефикасно да се борат против ваквите незаконити појави, се соочуваат со различни препречувања кои не се само од правна природа, (можат да се препишат на недостаток на соодветно законодавство), туку понекогаш се соочуваат со смислена и организирана спрега со носителите на ваквите малверзации и вишите бирократски структури во најразличните структурни органи на власта што укажува на широко распространети симптоми на стекнување на незаконска лична корист, односно корупцијата во општеството.

Заинтересираоста на земјите во транзиција, за ефикасно спречување, откривање и сузбивање на корупцијата не е изолирана појава која е карактеристична за ова регионално и секако, во сегашниот момент многу специфично општествено-политичко и економско подрачје. Нашата и меѓународната јавност, со големо интересирање ги следеше алармантните случаи на меѓународни корупциски афери во кои беа замешани политичките врвови и носители на административните и извршни функции од највисок ранг на некои поедини земји, како и менаџери на национални и меѓународни корпорации. Дури беше јавна тајна дека се толерира праксата на корупција во случаи на надворешно трговски и финансиски трансакции, особено кога се работи за капитални инвестиции, набавка на висока технологија, вооружување; присвојување на концесии за експлоатација на природното богатство, итн. Често се договарани работи на штета на националното стопанство на неразвиените земји, а со давање провизија, односно мито, на највисоките државни функционери на тие земји.

Корупцијата е феномен што добива планетарни димензии, зашто нема држава и економија, што е имуна на различните облици на поткупување, "тргување со влијание" и други облици на злоупотреба на посебната положба што ја имаат поединци, политички партии и јавни и

приватни корпорации. Корупциските афери не се симнуваат од листата на најактуелните настани што ги потресуваат државите особено од почетокот на деведесетите години. Свртувањето на интересот на јавноста кон феноменологијата и етиологијата на корупцијата откри всушност постоење на повеќе детерминанти, кои задираат во самото општествено, економко, политичко, социјалнпо и културно ткиво. Се покажа дека корупцијата е симптом на една тешка болест на општеството, чија што вистинска дијагноза упатува на малигни процеси што брзо се развиваат во правец на: концентрација на функциите, богатството и престижот, потиснување на демократијата и јакнење на недемократските и автократските режими, тотална ерозија на начелото на законитост и другите оновни постулати на правната држава. Тоа претпоставува и експанзија на бирократизмот, изразен преку се поголемата административна контрола и комерцијалните рестрикции, монополите, непотизмот итн., а зад сето тоа примордијална улога игра материјалистичката концепција за стекнување на што поголема моќ и богатство.

Оваа современа болест особено ги загрозува кревките организми на државите во транзиција. На тоа му погодуваат повеќе фактори како што се економските промени, приватизацијата, недоволно етаблираните државно - правни основи на новиот економски и правен систем, слабеењето на одговорноста и непостоењето на ефикасни контролни механизми и систем на заемна контрола. Одлучувачките фактори се разместени на следната линија: економија-политика-држава. Помеѓу нив постои заемно условено, вкрстено дејство. Слабата материјална, економска основа на општеството во периодот на транзиција е од една страна лимитирачки фактор за етаблирарање на демократски односи и развој на правен систем, а од друга страна стимулативен фактор за започнување безпоштедна трка во прераспределбата на така лимитираниот капитал и можен профит. Политиката која нема подолга демократска традиција, е подложна на тенденцијата на траен утилитаризам: целта за освојување на власта или останување на власт, ги оправдува сите можни средства за остварување на таа цел. Државата, изградувна врз партиски монопол, кој подразбирз и монопол над капиталот, неможе лесно да и одолее на таквата инерција. Значаен фактор преставува колективната свест, како и распадот односно нестабилноста на системот на морални и други вредности. Практиката на енормно и незаконско богатење, острата социјална диференцијација која е повеќе резултат на искористување на определена погодност или положба, особено во приватизацијата на капиталот, отколку на способностите и трудот, создава општа клима на уверување дека е се созволено и дека се исплатува и криминалот. Особено ако законодавството неможе да ги следи и санкционира таквите појави, а државните органи не покажуваат некој особен ангажман во доследната примена на законите.